РЕГИОН МАЛЕШ-ПИЈАНЕЦ
ТУРИСТИЧКИ АКЦИОНЕН ПЛАН

ОКТОМВРИ 2008

ОПШТИНИ:
БЕРОВО,
ПЕХЧЕВО
ДЕЛЧЕВО

SNV
Connecting People's Capacities

декември, 2008

До сите заинтересирани:

Предмет: **ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ТУРИСТИЧКИОТ АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА РЕГИОНОТ МАЛЕШ-ПИЈАНЕЦ**

Како претседател на Комитетот за туризам на регионот Малеш-Пијанец, ми претставува големо задоволство да го претставам формално одобрениот Туристички акционен план за регионот Малеш-Пијанец.

Овој документ беше подготвуван во период од шест месеци од страна на Комитетот за туризам за регионот и содржи информации, сугестии и ресурси за имплементација собрани од регионот и надворешните заинтересирани страни во активностите поврзани со туризмот. Во тек на двомесечен период беа собирани информации (инпут) од страна на заинтересираните страни /јавноста. Комитетот за туризам би сакал да им се заблагодари на заинтересираните страни и граѓаните кои посветија време за преглед и коментари на овој сеопфатен документ. Посебна благодарност им изразувам на оние лица кои доброволно помагаа во спроведувањето на планот.

Комитетот верува дека овој Туристички акционен план во голема мерка ќе помогне во развојот на туристичката гранка во регионот Малеш-Пијанец. Сега, зависи буквално од секој жител на регионот и заинтересираните страни во туристичката гранка да ги искористат целите, содржани во овој план, за да осигураат дека тие ќе бидат постигнати.

Советите од Локалните Самоуправи кои го одобрија овој План и Комитетот за туристички акции се сигурни дека ги поседуваме потребните ресурси и иницијатива за постигнување на развојот на силна, жива, единствена туристичка гранка во нашиот регион.

Бидејќи овој План претсавува документ кој постојано се развива и ќе биде годишно ажуриран, Комитетот е секогаш отворен за коментари и нови идеи. Заради тоа, Ве молиме слободно контактирајте со кој било од членовите на Комитетот за туризам за регионот Малеш-Пијанец доколку имате идеи кои ќе го подобрат Планот и туристичката гранка во нашиот регион Малеш-Пијанец.

Со почит,

Венко Пашалиски,

Градоначалник на Општина Берово
Претседател на Комитетот за туристички акции за микрорегионот Малеш-Пијанец

Дарко Шумански – Советник за Туризам
СНВ-Холандска Развојна Организација - Македонија

Јасминка Пашалиска Андоновска
Ѓорѓи Пеовски
Општина Берово

Весна Илиевска
Влатко Ангеловски
Општина Делчево

Љупчо Каракашовски
Општина Пехчево


ДЕЛЧЕВО
ПЕХЧЕВО
БЕРОВО

СОДРЖИНА

ПИСМО ОД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА КОМИТЕТОТ ЗА ТУРИСТИЧКИ АКЦИИ 2

МАПА, РЕГИОН МАЛЕШ-ПИЈАНЕЦ, ОПШТИНИ БЕРОВО, ПЕХЧЕВО И ДЕЛЧЕВО 4

СОДРЖИНА 5

ЧЛЕНОВИ НА РЕГИОНАЛНИОТ КОМИТЕТ ЗА ТУРИЗАМ ОД ОПШТИНИТЕ БЕРОВО, ПЕХЧЕВО И ДЕЛЧЕВО-РЕГИОН МАЛЕШ - ПИЈАНЕЦ 7

ВОВЕД :..... 8

ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА ТУРИЗАМ..... 9

ПРОЦЕС НА ТУРИСТИЧКИОТ АКЦИОНЕН ПЛАН:..... 10

ПРЕДРАБОТИЛНИЦА ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА ПАЗАРОТ НА ТУРИЗАМ..... 11

РЕЗИМЕ НА ИНФОРМАЦИИТЕ ЗА ПРОМОЦИЈА НА ТУРИЗМОТ ЗА РЕГИОНОТ МАЛЕШ-ПИЈАНЕЦ: 13

ЧЕКОР 1: РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКИ ПАЗАРНИ ПРОФИЛИ..... 17

ЧЕКОР 2: НАБРОЈУВАЊЕ НА ПРЕДНОСТИТЕ НА ТУРИЗМОТ..... 17

ЧЕКОР 3: НАБРОЈУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ ВО ТУРИЗМОТ. 18

ЧЕКОР 4: РАЗВОЈ НА ОПШТИТЕ И КОНКРЕТНИТЕ ЦЕЛИ ЗА ТУРИЗМОТ 20

ЧЕКОР 5: РАЗВОЈ НА АКЦИОНИ ПЛАНОВИ ЗА ДЕЈСТВИЈА ЗА КОНКРЕТНИТЕ ЦЕЛИ ЗА ТУРИЗМОТ. 21

ЧЕКОР 6: СЛЕДЕЊЕ, АНАЛИЗИРАЊЕ, ЕВАЛУАЦИЈА И ПРЕГЛЕД НА ТУРИСТИЧКИОТ АКЦИОНИОТ ПЛАН ЗА РЕГИОНОТ МАЛЕШ-ПИЈАНЕЦ..... 22

РЕЗИМЕ НА ПРИДОНЕСОТ ОД ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ СТРАНИ И ЈАВНОСТА:..... 23

ВИЗИЈА : 25

ПРОФИЛИ НА ТУРИСТИЧКИОТ ПАЗАР 26

ПРЕДНОСТИ 34

Предности - туристички атракции, настани и активности:.....35
Предности - Туристички маркетинг и промоција: 36
Предности: Туристичка инфраструктура:.....37
Предности - туристичка гостопримливиот : 38

Предности – Туристички услуги на мало : 39
ПРОБЛЕМИ **40**
Проблеми: Туристички атракции, настани и активности: 41
Проблеми – туристички маркетинг и промоција: 42
Проблеми - Туристичка инфраструктура: 43
Проблеми - Туристичка гостопримливост : 44
Проблеми - туристички услуги на мало: 45
ОПШТИ И КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ ЗА ТУРИЗМОТ **46**
АКЦИОНИ ПЛАНИРАЊЕ **52**
РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ **52**
АНЕКС ПИСМА ЗА ПОДРШКА **72**
АНЕКС ПРАШАЛНИК **77**

ЧЛЕНОВИ НА РЕГИОНАЛНИОТ КОМИТЕТ ЗА ТУРИЗАМ ОД ОПШТИНИТЕ БЕРОВО, ПЕХЧЕВО И ДЕЛЧЕВО-РЕГИОН МАЛЕШ - ПИЈАНЕЦ

Име и Презиме	Функција	Општина
1. Венко Пашалиски	Градоначалник	Берово
2. Јованчо Станоевски	Градоначалник	Пехчево
3. Мирко Иванов	Градоначалник	Делчево
4. Јасминка Пашалиска Андоновска	Раководител на ЛЕР	Берово
5. Ѓорѓи Пеовски	ЛЕР	Берово
6. Љупчо Каракашовски	ЛЕР	Пехчево
7. Весна Илиевска	ЛЕР	Делчево
8. Влатко Ангеловски	ЛЕР	Делчево
9. Нада Симовска	Организација на жени НВО	Пехчево
10. Александра Пачемска	Општина Берово Надворешен соработник	Берово
11. Тереза Филобок	Регионален Центар за Застапување НВО	Делчево
12. Сања Ангеловска	Изработувач на ракотворби	Делчево
13. Митко Илијевски	Раководител на Администрација	Берово
14. Стево Гугучевски	Совет на Општина	Делчево
15. Тони Иванов	Дипломиран менаџер за туризам и угостителство	Делчево
16. Снежана Трајкова	Советник – Администрација	Делчево
17. Садбера Барјактарова	„Мајкини деца” НВО	Пехчево
18. Лидија Гошевска	Сопственик на приватно сместување	Пехчево
19. Звонко Стојановски	Аминистрација	Пехчево
20. Јулија Ајтовска	Сопственик на приватно сместување	Берово
21. Бранко Пешански	Сопственик на приватно сместување	Пехчево
22. Васка Белчовска	Општина Берово надворешен соработник	Берово
23. Нехат Рамадани	СНВ	Македонија
24. Дарко Шумански	СНВ	Македонија

ВОВЕД :

Регионалниот туристичкиот акционен план за општините Берово, Пехчево и Делчево, односно за регионот Малеш-Пијанец, е резултат на стратешките определби на општините за регионален туристички развој. Како главна цел која произлезе во овој туристички план беше развој на регионален планински туризам заснован од Визијата за туризмот : ″Регионот Малеш-Пијанец - претпознатлива еколошка чиста средина, со природни реткости, развиена туристичка инфраструктура со разновидна туристичка понуда и традиционална храна.“

Советниците од СНВ го фасцилитираа целокупниот процес за изработка на туристички акционен план заедно со формираниот регионален туристички комитет. За претседател на туристичкиот комитет е избран Венко Пашалиски, градоначалник на Општина Берово.

СНВ е холандска меѓународна развојна организација која е фокусирана на унапредувањето на човечките капацитети обезбедувајќи им ги потребните способности и алатки за сами да ја преземат контролата врз нивните судбини. Процесот на Туристички акционен план е ориентиран кон изработка на приоритетни планови и активности за развојот на туризмот

Регионалниот туристички акционен план е подготвен од регионалниот Комитет за туристичко планирање, формиран во јули 2008, а одобрен од Совететите на Општините Берово, Пехчево и Делчево. Во Комитетот беа вклучени компететни и стручни лица од следниве сектори:

а) Бизнис- сектор, кој директно е инволвиран во туризмот;
б) НВОи кои се вклучени во развивање или организирање на туристички атракции, настани или активности, односно работат на промоција и развој на туризмот;
в) Локална администрација – претставници на Општините, одговорни да обезбедат постоење на соодветна инфраструктура за задоволување на потребите на туристите при посета на регионот.

Регионот Малеш-Пијанец опфатен со Туристичкиот акционен план е лоциран во источниот дел од Репулика Македонија и тука спаѓаат Општините Берово, Пехчево и Делчево. Регионот е потенцијал за развој на планинскиот и алтернативниот туризам. Местоположбата на регионот Малеш-Пијанец е потенцијал за привлекување на туристи од земјата и од странство.Туристичкиот акционен план е само почеток за развој на туризмот во регионот, со имплементацијата на приоритетите ќе се создаде силна база за правилен и долготран туристички развој.

ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА ТУРИЗАМ

Република Македонија сè уште нема национална стратегија за туризам. Министерството за економија направи неколку обиди да ја комплетира и финализира стратегијата, но сега за сега постои само драфт-верзија која не е завршена. Се очекува националната стратегија да има финален драфт до крајот на 2008 година. Со стратегијата се очекува да се постават насоките за туристички развој во Македонија. Во овој концепт, изработените локални стратегии ќе бидат искористени за изработка на одржлива национална стратегија за туристички развој. Изработениот драфт на националната стратегија се фокусира на силен локален-регионален туризам со исклучителн акцент на рурален развој, планиснки туризам, алтернативен, селски, културно-историски, еколошки туризам. Овие видови на туризам претставуваат голема можност за силен економски развој на локално,регионално и национално ниво.

Визијата на Македонија е да бидеме претпознатлива земја како европска туристичка дестинација со чиста и здрава еколошка средина. Една од поголемите перспективи, односно креирање на имиџ на земјата е заштита на културното богатство, заштита на природните реткости сè со цел да се зголемат можностите за привлекување на локални и интернационални туристи во земјата.

Треба да се земе во предвид дека регионот Малеш-Пијанец има голем потенцијал и капацитет за развој на туризмот, локалните иницијативи, настани и манифестации да бидат препознатливи на локално, национално и интернационално ниво. Општините Берово, Пехчево и Делчево да бидат посакувана и препознатлива туристичка дестинација

ПРОЦЕС НА ТУРИСТИЧКИОТ АКЦИОНЕН ПЛАН:

Процесот на СНВ го дефинира ТУРИЗМОТ како „практика на луѓе кои патуваат надвор од нивните домашни заедници заради одмор, рекреација, разгледување или бизнис„. Според тоа, ТУРИСТИ ги вклучуваат сите видови на патници, покрај типичниот одморач, пријатели и роднини кои се дојдени на посета, а не се од регинот, бизнис патници кои ја посетуваат областа заради вршење на бизнис, луѓе кои го посетуваат регионот заради лична употреба на услугите во неа (на пример, медицински, правни, социјални, продавници, услуги, итн.), луѓе кои не се од регинот кои учествуваат на конференции или состаноци во регинот и патници кои поминуваат низ областа кон други дестинации.

ТУРИЗМОТ е гранка која опфаќа повеќе аспекти која вклучува комплексни меѓуодноси помеѓу бројни бизниси, организации и активности. За да се осигура дека при разработката на Туристичкиот акционен план се земени предвид сите аспекти на гранката, туристичката гранка на регинот Малеш-Пијанец беше анализирана од аспект на пет клучни компоненти:

ТУРИСТИЧКИТЕ АТРАКЦИИ, НАСТАНИ И АКТИВНОСТИ ги вклучуваат природните и културно-антропогените ресурси кои се интересни за туристите и се причина за нивно доаѓање. Единствени продавници, историски места, музеи, единствени природни карактеристики кои задоволуваат естетски критериуми, фестивали, спортски/културни настани, конвенции/конференции и учество во активности на отворено, се само некои примери.

ТУРИСТИЧКИОТ МАРКЕТИНГ И ПРОМОЦИЈА се состои од тоа како поединците и групите организираат планирање и продавање на нашиот регион на потенцијалните туристи. Тоа ги вклучува алатките и методите кои се користат за привлекување на туристи; огласување; патувачки шоуа, информации во списанија, брошури, веб-страници, мапи, спотови, комерцијални/промотивни знаци, туристички тури со возила и туристички информативни центри.

ТУРИСТИЧКАТА ИНФРАСТРУКТУРА вклучува основни елементи и објекти потребни и расположливи за туристите додека престојуваат во нашиот регион. Патишта, паркиралишта, сигнализација, вода, електрична енергија и објекти во кои се случуваат настани или активности се капацитети за кои туристите не плаќаат директно, но нивниот недостаток или инфраструктура со слаб квалитет може да се одлучувачки за туристите и за впечатокот што ќе гоп понесат од патувањето.

ТУРИСТИЧКАТА ГОСТОПРИМЛИВОСТ (СВЕСТ И ОБУКА ЗА ГРАНКАТА) се однесува на тоа како туристите се опслужени, поздравени и третирани од персоналот кој е во директен контакт со нив, менаџерите/операторите и граѓаните при посетатата на нашиот регионот. Утврдува дали посетителите имаат пријатно искуство.

ТУРИСТИЧКИТЕ УСЛУГИ НА МАЛО ги вклучуваат сите услуги кои ги опслужуваат потребите на туристите додека се наоѓаат во нашиот регинот, капацитети како хотели/мотели/одморалишта, кампови, ресторани, продавници, туристички оператори/услуги на водичи, итн. Бидејќи туризмот претставува економска активност, успехот на туристичката гранка може директно да се утврди со мерење на приходите кои се остваруваат и отворените работни места преку овие услуги на мало како резултат на туристичката активност.

Овој Туристички акционен план може да се дефинира како документ подготвен во име на нашиот регион кој ќе помогне во развојот на туризмот и маркетингот како на краток, така и на долг рок. Тој е развиен и формално поддржан од групи на лица и агенции кои претставуваат широк пресек од туристичката гранка во регионот. Планот обезбедува рамка за бизнисите, локалните самоуправи и релевантните организации за анализа на пазарите за туризам, предностите на туризмот и проблемите на туризмот за да се развијат цели кои ги зајакнуваат предностите и ги надминуваат проблемите. Бидејќи туризмот е гранка во развој, Планот ќе биде следен и оценуван на редовна основа за да се овозможат потребните ревизии.

Врз основа на фактот дека Туристичкиот акционен план за Регионот ќе биде флексибилен план кој се развива, содржан е во формат кој охрабува дополнување/бришење на материјали, вметнување на евидентираните резултати од спроведувањето на целите и вклучување на кои било потребни ревизии кои се резултат на спроведувањето. Значи, тоа е причината зошто овој План е во формат на перфорирани листови во папка кој овозможува ревидирани и нови страници веднаш да се вметнат или избришат по потреба.

Врз основа на клучните компоненти за туризмот и дефиницијата на Планот, Туристичкиот акционен план за регионот Малеш-Пијанец беше разработен со примена на следниве чекори:

ПРЕДРАБОТИЛНИЦА ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА ПАЗАРОТ НА ТУРИЗАМ

Пред започнување на развојот на Туристичкиот акционен план за регионот Малеш-Пијанец, беше извршен преглед на истражувањето на пазарот што се однесува на постојните трендови во туристичката побарувачка во Европа, состојбата со туризмот во југоисточна Европа и постојните маркетинг/промотивни напори за да помогнат при насочувањето на подготовката на Планот.

Трендовите во туристичкиот маркетинг и развој во Европа, медитеранската област и југоисточна Европа беа прегледани со употреба на Извештајот за маркетинг трендовите во Европа на Светската туристичка организација на Обединетите нации за 2003 година.

Моментални трендови прикажани преку европските туристи: Европските туристи одат на пократки одмори, ги потврдуваат плановите за патување и резервираат одмор поблиску до датумот на заминување, посетуваат дестинации кои се поблиски и послични на нивните домови, и самите си прават пакети со употреба на Интернет за комбинација на буџетот, транспортот и местата со сместување/тури на избраната дестинација. Културниот и „активниот" туризам (на пример бањи, спорт, природа, рурални посети) стануваат сè поважни и играат значајна улога во дополнувањето на воспоставените туристички активности како производ на „сонцето и морето". Културниот туризам се смета за составен дел од европскиот туристички производ бидејќи, речиси, сите посетители вклучуваат некои културни активности при нивните посети особено кога се вклучени храната, вината и „доживувањето на начинот на живот" на дестинацијата.

На одморите кои нудат сонце и море сè уште отпаѓа најголем дел, со истовремена важност на посетата на културните/историските места. Регионот се адаптира за да го привлече пазарот на „состаноци, стимулации, конференции и изложби" кои вклучуваат кратки културни патувања или посети на природата(дополнителни патувања како дел од целокупниот пакет).

Изведба на дестинациите од Југоисточна Европа: Југоисточна Европа се смета за нова дестинација во подем. Во 2003 година, Албанија оствари зголемување на странски туристи од над 6%. Сепак, ова е бледо, ако се спореди со Македонија (>19% покачување) и Србија - Црна Гора (>20% покачување). Македонија се насочи на зголемување на бројот на културни и спортски настани, атракции и мали хотели, особено во областа на Охридското Езеро. Исто така, ги подобри своите мрежи за внатрешно-надворешна комуникација за да ги задоволи потребите на оние кои патуваат за бизнис и рекреација. Најголемите проблеми во однос на развојот на туризмот во Југоисточна Европа се: слабиот квалитет на туристичка понуда и потребата за развој на мали и средни туристички претпријатија.

Резиме на информациите за промоција на туризмот за регионот Малеш-Пијанец:

Општина Берово:

Општина Берово е една од водечките во Брегалничкиот регион во промоција на потенцијалите за развој на туризмот. Општината има подготвени стратешки документи и урбанистички планови како основа за развој на туризмот.

Во Стратегијата за одржлив развој на Општина Берово (2006-2011) и Акциониот план за имплементација, развојот на туризмот е една од стратешките цели. Соодветно на тоа, дефинирани се конкретни акциони чекори за остварување на оваа цел. Во 2005г, во соработка со Здружението на инженери за заштита на животната средина на РМ изработена е Стратегија за развој на ЕКО туризмот во Општина Берово, од која голем дел од предвидените активности веќе се реализирани. Во 2008г усвоена е под стратегија за рурален развој на Општина Берово, каде се дефинирани потенцијалите за развој на рурален туризам и се разработени конкретни акции. Општина Берово е дел од Националната стратегија за развој на туризмот, особено во делот на развој на алтернативен туризам.

Во периодот 2005-2009г подготвени се Детални урбанистички планови за туристичките населби Суви Лаки и Беровско Езеро, кои се основа за понатамошниот одржлив развој на овие туристички локалитети.

Во 2008г подготвена е физибилити студија за парк на природата во Општина Берово, каде се дефинирани специфичните природни вредности во општината и начините на нивна заштита и промоција.

За промоција на локалните потенцијали за развој на туризмот и специфичните локални производи, од 2005г во Општина Берово функционира Туристички информативен пункт, преку кој се иницира подготвка на пакет на промотивни материјали- мултимедијално ЦД, брошури, туристички мапи.

Во Општина Берово има маркирано пет пешачки патеки кои се дел од Балканската трансферзала за планинарење и се објевени во националната мапа за планински патеки, како и во посебна мапа за Општина Берово. Во 2008-2009 ажурирани се и збогатени печатените материјали со брошурите „10 причини зошто да го посетите Берово", „Категоризирани приватни цместувачки капацитети", Туристички водич за Општина Берово, мултумедијално ЦД за туристичка промоција и постери. Во 2008г промовиран е документарен филм за Туристичките потенцијали на Берово и Малешевијата, кој е преведен на англиски и француски јазик и наменет е за меѓународна промоција.

За промоција на живото наследство, Општина Берово има подготвено календар на културни настани, кој е публикуван во печатените материјали, како и на њеб страната на општината.

Од 2004г Берово е домаќин на меѓународниот саем на традиционални производи „Малешевијата на дланка”, кој се одржува на 27-28 август, по повод христијанскиот празник Успение на Пресвета Богородица. Оваа манифестација почна како локален настан, продложи на регионално ниво, а од пред 3 години има меѓународен карактер и веќе е афирмирана како препознатлив туристички продукт за промоција на туристичките потенцијали и специфичните традиционални производи. Во последната седмица од август се одржува и манифестацијата Малешевски фолклорни средби, како дел од Беровско културно лето. „Бамбурци„ е специфичен обичај во с.Ратево кој традиционално се одржува во јануари и добива на масовност. Од 2008г за промоција на еден од специфичните локални производи-компирот, во октомври Берово е организатор на настанот Денови на малешевскиот компир.

Како резултат на специфичните вредности, Општина Берово и регионот, веќе се дел од маршутите на странските туристи, кои престојуваат во Берово 2-4 дена и претежно се заинтересирани за традиционалните вредности и природните убавини.

Во поглед на иницирање на регионалната соработка за заедничка промоција, од 2006 година се активира процесот на брендирање на Малешевско-Пијанечкиот регион, во соработка со Општините Печево и Делчево. Брендот Малеш има за цел да ги заштити и промовира специфичните регионални производи и туристички услуги.

Општина Делчево:

Општина Делчево е сместена во Пијанечката котлина, во подножјето на планината Голак, на надморска височина од 600-800 метри. Општината, со богато историско и културно наследство, со села со зачувана селска архитектура, во последниве години прави исклучителни чекори на полето на туризмот ценејќи дека оваа гранка има реални потенцијали за развој, а со тоа би била и една од носечките во локланиот економски развој на Делчево. Во оваа насока во 2005 година е усвоен ДУП за туристичка населба Голак, со предвидени викенд куќи, хотели, скијачки терени и сл. Во 2007 година е изработен и усвоен Стратешки план за локален економски развој, каде како една од стратешките цели на Општина Делчево е дефинирана следната: **Создавање на услови за искористување на потенцијалите за развој на туризмот,** со следните подцели:1)Истражување на можностите за развој на туризмот во пијанечкиот регион, 2) Создавање на услови за претворање на локалитетот Голак во развиен и препознатлив туристички центар, 3)Создавање на

услови за развој на селски, културен и транзитен туризам, 4)Инфрастуктурно уредување на туристички локалитети

Во 2008 година е изработен документ Зелена Агенда на општина Делчево, каде главниот акцент е ставен на животната средина и културното наследство и посебно се разработени одредени развојни приоритети во областа на туризмот. За истражување на потенцијалите за развој на туризмот во 2007-2008 година е изработена Студијата за социо-економските и туристички потенцијали на територијата Делчево-Благоевград. Во 2007 година е изработена цост-бенефит анализа за развој на Голак во туристички центар, во која се добиени позитивни финансиски показатели и се гледа финансиската и економската оправданост од развојот на туризмот на оваа планина.
Покрај стратешките документи и студиите, кои ги даваат основните предуслови за развој на туризмот, Општината презема и конкретни активности во делот на промоција на Делчево како интересно место за посета. Во периодот 2000-2004 се истражени бројни археолошки локалитети на територијата на општината и пронајдените предмети се валоризирани и формирана е археолошко-етнолошката збирка сместена во спомен- домот АСНОМ.

Во 2007 г. македонската јавност беше фасцинирана од откритието на с. Стамер, Делчево, на фосилни остатоци од праисториски животни (жирафа, мастодонт, антилопа и сл.) стари од 3 до 10 милиони години, гробница која дава научна основа за револуционерно откритие за настанокот на првиот човек на земјата. Научници од Македонија, Франција и Бугарија планираат да работат на истражување на овој палеонтолошки локалитет кој во иднина ќе биде туристичка атракција.

Во 2007 година уште едно откритие: погребната обредна бронзена кочија од времето на Александар, откриена во локалитетот Могила во с. Очипала кај Делчево, оценет како локалитет од исклучително значење за македонската археологија во што ја смести општината на насловните страни на дневните весници и на ударните вести на националните телевизии. Тргнувајќи од сите овие откиритија,но и од сознанијата дека тука има уште поголемо културно и природно наследство, локалната власт отвори локален музеј „Пијанец”, каде ќе бидат поместени откритијата кои потекнуваа од Пијанец и тие ќе може да бидат достапни за сите посетители.
Во делот на живото наследство општината во соработка со соседните две општини Пехчево и Берово, во 2002 година ја воспостави Пијанешко-малешевската свадба, која се одржува секој септември и каде посетителите во живо може да ги доживеат и искусат сите традиционални свадбарски обичаи. Традиционалната свадба претствува афирмација, но и ги чува од заборав богатите свадбарски обичаи од овој крај.
Исто така, народниот вековен обичај под маски „Сурва”, кој и ден денес автентично се чува во пограничното село Sвегор, е атракција која побудува

интерес и кај случајните минувачи и ги сопира љубопитните транзитни патници на меѓународниот пат за Бугарија. Ова живо наследство е традиција која со низа обредни игри се одржува на првиот ден од Стара Нова Година, Василица.

Пиајнечкиот идентитет црпен од старите времиња верно го чуваат во своите настапи играорците од најстарата Фолклорна група „Копачката" која е бисер на пијанечкиот и воопшто на македонскиот фолклор. Членовите на групата, 70- годишните старци, го негуваат изворното народно оро КОПАЧКА, што потекнува од с.Драмче.

Значајно место во културните настани, вредни за посета на туристите е и меѓународната манифестација „Голачки фолклорни средби", која се одржува секоја година на 8 август, спроти верскиот празник св.Пантелејмон, на планината Голак, поточно на највисокиот врв Чавка. Оваа ноќ, под отвореното небо со ѕвезди, се собираат илјадници жители од целиот регион покрај манастирот Св.Пантелејмон за кого се верува дека има исцелителна моќ.

Во делот на манифестации, централно место во Делчево се завршните денови на културната маѓународна манифестација „Гоцеви денови" во чест на револуционерот Гоце Делчев, чие име го носи градот.

На ниво на регион, трите општини во 2007 година го започнаа проектот за брендирање на овој регион и јакнење на регионалниот идентитет, што како долготраен процес ќе игра важна улога во создавањето на препознатлив регион за искусување на природата и традицијата. Како регион не се спомнува во многу публикации за туризмот, освен во брошурата за туризмот во Брегалничко-струмичкиот регион.

Општина Пехчево:

1. Проект : „ Рурален Туризам во Општина Пехчево-дополнителни содржини и атракции "
   - Изградба на две детски игралишта
   - Изработка на промотивен материјал

   Проектот е во финална фаза на имплементација - ГТЗ
2. Проект „Уредување на водопади на м.в Црни Дол И фаза
3. Проект „Уредување на водопади на м.в Црни Дол И И фаза МААСП
4. Под стратегија за Рурален Развој – МААСП
5. Парковско уредување на околината од водопадите – Општина Пехчево
6. Подготовка на ДУП за туристичка населба „Равна Река"

ЧЕКОР 1: РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКИ ПАЗАРНИ ПРОФИЛИ

Комитетот за туристички акции прво требаше да ги утврди своите сегашни и потенцијални приоритени туристички пазарни сегменти (засновани на „примарна цел на патувањето”) пред разработката и промоцијата на потребните атракции, услуги и инфраструктура потребни за развивање на успешна туристичка гранка. Така, почетен чекор во Процесот на развој на Туристички акционен план беше да се откријат колку што е можно повеќе информации за овие пазарни сегменти. Ова беше направено со одговарање на серија на релевантни прашања за сите пазарни сегменти кои во моментов ја посетуваат или постои потенцијал да бидат привлечени да ја посетат нашата Област, а потоа со рангирање на важноста на секој сегмент врз основа како на постојното, така и на потенцијалното значење.

Резултати: Комитетот за туристички акции утврди дека постојат петнаесет различни пазарни сегменти кои во моментов ја посетуваат регионот или кои поседуваат потенцијал да бидат привлечени да ја посетат. Врз основа на анализата на прашањата кои се однесуваат на секој сегмент (прелиминарното истражување на пазарот прикажано погоре беше многу корисно при оваа активност), Комитетот ги рангираше **главните пет пазарни сегменти** како најважни за туристичката гранка на регионот Мелеш-Пијанец претставени според важност:

1. **Природа**
2. **Одмор и рекреација**
3. **Културни историски настани**
4. **Бизнис туризам**
5. **Фамилијарен туризам**

ЧЕКОР 2: НАБРОЈУВАЊЕ НА ПРЕДНОСТИТЕ НА ТУРИЗМОТ.

Со употреба на петте клучни составни области, беа подготвени списоци во кои е вклучено сè што е, или потенцијално би можело да претставува, предност на туристичката гранка во регионот. Секоја од петте листи беа посебно рангирани според важноста. Оние предности кои беа највисоко рангирани се однесуваат директно на задоволување на потребите на веќе утврдените приоритетни пазарни сегменти.

Предности - туристички атракции, настани и активности:

1) Постоење на природни богатства (планини,езера,реки,шуми,руди
2) Археолошки локалитети
3) Палеонтолошки наоѓалишта

4) Културни манифестации
5) Традиционални обичаи, храна и носии

Предности - туристички маркетинг и промоција:

1) Манифестации (Саем "Малешевијата на дланка", Пијанечко-малешевска свадба, Гоцеви денови, Велигден, Бамбурци, Сурва, Голечки фолклорни средби, итн)
2) Брендиран регион и лого Малеш-Пијанец
3) Креативени човечки ресурси
4) Добра волја
5) Културно -иториско наследтство

Предности: туристичка инфраструктура:

1) Близина до ЕУ – Република Бугарија
2) Добра сообраќајна поврзаност
3) Добра пристапност до туристичките локалитети
4) Покриеност со електрична, водоводна и телекомуникациска мрежа
5) Покриеност на населените места со интернет, мобилен и фиксен телефон
6) Потенцијал за туристички капацитети

Предности - туристичка гостопримливиот :

1) Традиционална гостољубливост - гостопримливи жители,
2) Комуникација/добро поздравување (помеѓу локалнато население и туристот)
3) Висок квалитет, локално произведена храна и производи,

Предности – туристички услуги на мало :

1) Пазар на овошје и зеленчук (еднаш неделно)
2) Маркети и продавници
3) Кафулиња и дискотеки
4) Месарници
5) Еколошка здрава храна подготвена на традиционален начин
6) Пекарници

ЧЕКОР 3: НАБРОЈУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ ВО ТУРИЗМОТ.

По набројувањето на позитивните аспекти од туристичката гранка во нашиот регион, важно беше да се набројат „проблемите" кои го спречуваат развојот на туризмот. Проблемите во однос на туризмот вклучуваат:

Негативности: Пазарни сегменти кои имаат негативни карактеристики или елементи кои би можеле да се подобрат (на пример, постоечки фестивал кој не е соодветно промовиран пред туристите).
Директни пречки: Негативни аспекти како локација во далечно опкружување.
Неразвиени идеи: Идеи или потенцијални предности за туризмот врз кои не се работело (на пример промоција на значајните историски настани на регионот како туристичка атракција).
Проблемите поврзани со туризмот беа исто така набројани и рангирани под петте посебни клучни составни области со најголема загриженост во однос на прашањата кои конкретно се однесуваат на задоволување на потребите на најважните целни пазарни сегменти.

Проблеми: Туристички атракции, настани и активности:

1) Недоволна заштита на животната средина(шуми,вода и почва)
2) Непостоечка туристичка инвентаризација и мапирање во регонот
3) Не адаптирани објекти за традиционален начин на живеење
4) Неистражени археолошки и палеонтолошки локалитети
5) Мал број на претпознатливи туриситички атракции и настани
6) Нема туристички продукт

Проблеми – туристички маркетинг и промоција:

1) Непостоење на туристички инфо центар
2) Нема програма за промоција и промотивни материјали на регионот
3) Непостоење на регионално здружение за туризам
4) Немање обучен кадар за туристички водичи
5) Непостоење на мрежа на субјекти кои даваат туристички услуги
6) Нема туристички агенции и немање на добра соработка со тур операторите
7) Непостоење туристички пакет и производ од регионот

Проблеми - туристичка инфраструктура:

1) Лоша патна, сигнализација и сигналитика
2) Лоша состојба на патната инфракструктура во и до регионот
3) Лоша состојба објекти за одржување на културни настани и манифестации
4) Непостоење на тренинг центар за туризам
5) Недоволно и нефункционални објекти за спорт и рекреација
6) Постоење само на еден граничен премин
7) Недоволен број на сместувачки капацитети
8) Руинирани сметувачки капацитети во државна сопственост

Проблеми - туристичка гостопримливост :

1) Одлив од човечки ресурси
2) Необучен кадар во угостителството и други услуги
3) Ниска свест за значањето на туристичката понуда во регионот
4) Немање на обучени туристички водичи
5) Недоволно развиена туристичка култура на однесување
6) Дискреција на гости

Проблеми - туристички услуги на мало:

1) Недостаток на промоција/продажба на традиционалните занаети, храна и пијалаци
2) Непрофесионалност на локалното население кои работат во туристички услуги на мало
3) Непознавање на надлежостите на општините во областа на туризмот

ЧЕКОР 4: РАЗВОЈ НА ОПШТИТЕ И КОНКРЕТНИТЕ ЦЕЛИ ЗА ТУРИЗМОТ

Беа разработени општи и конкретни цели за да се надминат проблемите и зајакнат предностите. Беа разработени искази за општите целите со едноставно вметнување на зборовите „да се подобри...” пред секоја од петте клучни составни области. Според тоа, нашите пет **ОПШТИ ЦЕЛИ ЗА ТУРИЗМОТ** се:

- **ДА СЕ ПОДОБРАТ ТУРИСТИЧКИТЕ АТРАКЦИИ, НАСТАНИ И АКТИВНОСТИ**
- **ДА СЕ ПОДОБРИ ТУРИСТИЧКИОТ МАРКЕТИНГ И ПРОМОЦИЈА**
- **ДА СЕ ПОДОБРИ ТУРИСТИЧКАТА ИНФРАСТРУКТУРА**
- **ДА СЕ ПОДОБРИ ТУРИСТИЧКАТА ГОСТОПРИМЛИВОСТ (СВЕСТ И ОБУКА ЗА ГРАНКАТА)**
- **ДА СЕ ПОДОБРАТ ТУРИСТИЧКИТЕ УСЛУГИ НА МАЛО**

Општите цели за туризмот не се рангирани од едноставна причина што конкретните цели за туризмот содржани под општите цели за туризмот се рангирани без разлика на тоа под која општа цел спаѓаат. Конкретните цели за туризмот беа разработени со земање на еден или повеќе од проблемите и разработка на конкретни, мерливи искази кои истакнуваат што треба да се постигне за да се осигура надминување на проблемот(-ите). Штом се земат

предвид сите проблеми, конкретните цели за туризмот кои произлегуваат како резултат беа рангирани врз основа на одреден број на критериуми; колку конкретно ги исполнуваат потребите/желбите на еден или повеќе од целните пазарни сегменти, колку е тешко да се постигнат (потребни средства и ресурси) колку брзо може да се постигнат (временска рамка) и дали нивното постигнување или не ќе придонесе за многу брзо постигнување видливи резултати кои се, позитивни и привлекуваат внимание. За да помогнат при оваа активност, членовите на Комитетот одговорија на три прашања за секоја цел за туризмот, пазарни врз кои има импликации, временска рамка и трошоци.
Важно беше да се има две или три конкретни цели кои се рангирани во првите пет кои може да се постигнат бргу и да дадат многу видливи резултати за да му обезбедат доверба и енергија на Комитетот за туристички акции за да се справи со постигнување на други, потешки конкретни цели. Понатаму, заинтересираните страни во туризмот, лоцирани во регионот и надвор од него и жителите на регионот ќе забележат дека Комитетот, всушност, постигнува резултати и ја обезбедува тековната поддршка потребна за постигнување на поголеми и подобри работи за развој на туристичкиот сектор во регионот Малеш-Пијанец.

ЧЕКОР 5: РАЗВОЈ НА АКЦИОНИ ПЛАНОВИ ЗА ДЕЈСТВИЈА ЗА КОНКРЕТНИТЕ ЦЕЛИ ЗА ТУРИЗМОТ.

Сите планови вообичаено содржат општи и конкретни цели за кои сите се согласуваат дека доколку се остварат ќе ги изменат работите на подобро. За жал, многу планови не содржат детални дејствија кои ќе водат до остварување на овие општи и конкретни цели. За да се надмине оваа бариера, процесот за Туристичкиот акционен план на СНВ ја содржи неговата најважна компонента; разработка на посебен Акционен план за секоја конкретна цел за туризмот со кој се осигурува дека ќе дојде до спроведување. За секоја конкретна цел за туризмот беа формулирани серија на „Туристички акциони чекори”. Овие „акциони чекори” се концизни, насочени искази кои даваат нацрт на детален, постепен начин на разните дејствија потребни да се постигне секоја конкретна цел за туризмот. Овие акциони чекори се многу конкретни искази кои треба да отстранат секакво недоразбирање за она што треба да се стори за да се постигне конкретната цел за туризмот за која станува збор.
Секој Акционен план за конкретните цели за туризмот дава и резиме на сите претходни информации кои конкретно се однесуваат за конкретната цел за која станува збор. (односно на која општа цел за туризмот се однесува, конкретна цел за туризмот на која í се посветува примарно внимание во Акциониот план, редоследот на важност на конкретната цел, проблемот (-ите) за туризмот кои се решаваат, целниот (-те) пазар(-и) врз кој(-и) имаа импликации, временската рамка потребна за постигнување на Акциониот план и проектираните трошоци потребни за постигнување на конкретната цел). Се додава и исказ за „оправданост” за да ги објасни

причините заради кои постигнувањето на конкретната цел за која станува збор е важно за развојот на туристичката гранка во регионот Малеш-Пијанец. Резимеата од една до две страници кои произлегуваат како резултат исто така им овозможуваат на заинтересираните страни со една или две конкретни цели за туризмот брзо да ја разберат логиката која се употребува при создавањето на токму овие конкретни цели.
Потоа поединци/агенции беа распоредени да работат на секој туристички акционен чекор содржан во Акционите планови за петте највисоко рангирани конкретни цели за да се обезбеди спроведување во реално време. Од овие поединци/агенции се очекува да ги евидентираат нивните активности (резултати) и редовно да го известуваат Комитетот за напредокот постигнат во текот на процесот на спроведување. Еден или два члена од Комитетот за туристички акции се распределени да работат на секој Акционен план за конкретни цели за туризмот за да обезбедат континуитет и тековно директно известување на целиот Комитет во однос на напредокот во спроведувањето. Колоната за „резултати" ќе се користи за евиденција и резимирање на исходите од преземените дејствија. Доколку има потреба, може да се вметнат дополнителни страници и собрани материјали зад страницата на која е Акциониот план за конкретната цел за кој станува збор; тоа е причината зошто Планот е во форма на перфорирани страници ставени во папка. Со постигнувањето на главните конкретни цели, останатите Акциони планови за конкретни цели ќе им бидат доделени на членовите на Комитетот.

ЧЕКОР 6: СЛЕДЕЊЕ, АНАЛИЗИРАЊЕ, ЕВАЛУАЦИЈА И ПРЕГЛЕД НА ТУРИСТИЧКИОТ АКЦИОНИОТ ПЛАН ЗА РЕГИОНОТ МАЛЕШ-ПИЈАНЕЦ.

Комитетот за туристички акции редовно ќе се состанува со цел да осигура спроведување на конкретните цели за турзимот. Штом се постигнат одредени конкретни цели, ќе биде неопходно следење и евалуација на резултатите за да се утврди дека е постигнато предвиденото влијание (на пример, доколку во конкретната цел е наведено „Развој на традициоален настан за да се покаже нашата единствена култура, занаети и производи", следењето и анкетирањето на луѓето кои присуствуваат на овој настан е важна компонента од процесот на Акциониот план). Комитетот несомнено ќе го ревидира Планот по потреба (на пр. : 1) доколку не може да се најдат ресурси/средства за некоја конкретна цел, ќе се стави „во фиока" сè додека не се најдат средства; 2) ако после многу работа, една конкретна цел не дава резултати, и се чини дека повеќе не е релевантна, таа ќе биде избришана).
Комитетот исто така ќе спроведе интензивен годишен преглед на Планот како за да го истакне она што е постигнато, така и за да се додадат нови, релевантни конкретни цели кои дополнително ќе ја зајакнат туристичката гранка во регионот. Ревидираниот, ажуриран План ќе биде прегледан од страна на заинтересираните страни во туризмот и граѓаните од областа за

да дадат свој придонес и помош во спроведувањето. Потоа повторно ќе им биде вратен на трите општински совети кои го поддржуваат овој План за да известат за напредокот постигнат до тогаш и да се добие формално одобрение за повторно продолжување.

РЕЗИМЕ НА ПРИДОНЕСОТ ОД ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ СТРАНИ И ЈАВНОСТА:

Општина Берово:

За транспатентност на процесот на подготовка на ТАП и учество на јавноста, Општина Берово организираше јавна расправа, која се одржа на 06.02.2009г со почеток во 13.00 часот во Салата за состаноци на Општина Берово. На расправата учествуваа претставници од сите засегнати страни од општината: бизнис сектор, невладини организации, сопственици на приватни сместувачки капацитети, како и членовите на Комитетот за туризам од Општина Берово и градоначалникот на Општина Берово.

Градоначалникот на Општина Берово, во својство и на претседател на Комитетот за туризам ги поздрави присутните и се осврна на значењето на ТАП како суштински документ за развојот на туризмот во регионот.

Од страна на Јасминка Пашалиска-Андоновска беше презентиран процесот на подготовка на нацрт документот ТАП и неговата содржина.

Во интерактивната дискусија, од страна на присутните беа предложени дополнувања и корекции на документот, кои беа вклучени во нацрт верзијата.

По завршените заклучоци, присутните предложија по усвојувањето на документот од Советот, од страна на одделението за ЛЕР на Општина Берово да се достави е-верзија до сите засегнати страни во општината за заеднички да се отпочне со негова имплементација. При тоа, да се следат инфорациите за можностите за аплицирање за проекти и да се направат напори за организирање на обука за пишување на ИПА проекти за членовите на граѓанските здруженија и бизнис заедницата.
За да се запази регионалната димензија на ТАП, особено во фазата на имплементација, непоходна е обука за регионална соработка и партнерство намената за сите засегнати страни од регионот и зајакнување на регионалната соработка.

Општина Делчево:

Јавната расправа во Општина Делчево се одржа на 09.02.2009 на која беа присутни претставници на јавната администрација,невладинот и бизнис сектор. Транспаретно беше преставена драфт верзијата на ТАП процес со

историјат на целиот процес и крајниот документ регионалниот ТАП документ. На присутните беше поделен прашалник, со кој присутните имаат можност да дадат свој придонес во израотка на целиот документ.

Беше поздравена идејата за еден ваков документ во кој се вклучени трите општини и беше потенцирано туризмот како сектор да преставува водечки сектор за развој на општина Делчево. Како заклучок од јавната расправа произлезе дека општината ги нема искористено своите природни потенцијали со кои располага, за промоција и развој на туризмот. Да се зајакне регионалната соработка со општините Берово и Пехчево и плански да се планира развојот на туризмот во овој регион.

Општина Пехчево:

Во општина Пехчево јавната расправа се одржа на 02.02.2009 во општинска сала за состаноци. Присутни беа членови од советот,бизнис сектор,невладини организации и локална и нацинална администрација. Идејата за изработка на туристички документ за трите општини беше поздравена и беше препорачано таквата соработка да продолжи и во иднина. Општина Пехчево има голем потенцијал за туристички развој со својата природна убавина и местоположба,кои треба во иднина да се промовираат со цел да се привлечат повеќе посетители да ја посетат општината. Присутните предложија градоначалникот заедно со општинскиот совет да планираат во буџетски средтсва со кои ке се имлементираат во општината за развој на туризмот. Исто така советниците да го одобрат ТАП документ кој ќе послужи како база за развој на туризмот во регионот Малеш-Пијанец.

ВИЗИЈА :

РЕГИОНОТ МАЛЕШ-ПИЈАНЕЦ ПРЕПОЗНАТЛИВА ЕКОЛОШКА ЧИСТА СРЕДИНА, СО ПРИРОДНИ РЕТКОСТИ, РАЗВИЕНА ТУРИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА, РАЗНОВИДНА ТУРИСТИЧКА ПОНУДА И ТРАДИЦИОНАЛНА ХРАНА.

РЕГИОН МАЛЕШ-ПИЈАНЕЦ

ОПШТИНИ: БЕРОВО
ПЕХЧЕВО
ДЕЛЧЕВО

ПРОФИЛИ НА ТУРИСТИЧКИОТ ПАЗАР

